Друштво за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа доо Скопје, врз основ на Одлуката за потреба од распишување на јавен повик за закуп на деловен простор за потребите на Друштвото заведена со број 02-743/1 од 11.09.2014 година, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК број 03-ДС/2014**

**за прибирање на понуди за закуп (изнајмување) на деловен простор**

Комисијата за спроведување постапка за закуп на деловен простор за потребите на Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, формирана со Одлука бр. 02-743/1 од 11.09.2014 година, ги повикува сите заинтересирани домашни правни лица кои имаат во сопственост недвижен имот - деловен простор, да се пријават на јавниот повик за прибирање на понуди за закуп (изнајмување) на деловен простор.

Просторот - деловните простории ќе биде наменет за работни простории – канцеларии за вработените.

**1. Посебни услови кои треба да ги задоволува деловниот простор:**

• Да се наоѓа во Скопје, општина Центар
• Да е со површина од 400 - 500 м2, да не е повисоко од 2-ти кат.
• Да има директен и непречен пристап со возило за утовар и истовар;
• Да има сопствен паркинг за возила
• Да е обезбеден со систем за заштита од пожар;
• Да е обезбеден од неовластено влегување, односно да има 24 часовно физичко обезбедување на целиот комплекс.
• Лифт би се сметало за предност

**2.** Можност за доставување на понуди имаат сите регистрирани домашни правни лица на територија на Република Македонија кои имаат во сопственост деловен простор кој ги исполнува погоре наведените посебни услови.

ДРЖАВНА ВИДЕО ЛОТАРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

**3. Критериум за избор:**

Критериум за избор на најприфатлива понуда е – понуден најнизок износ по м2 за месечна закупнина по исполнување на посебните услови. Понудената цена за м2 не смее да надмине повеќе од 10 евра за м2.

**4. Потребна документација**

**<u>Понудувачите треба да достават:</u>**

• Понуда;

• Решение за регистрација од Централен регистар на Република Македонија и

• Доказ за сопственост на недвижниот имот (деловниот) простор.

Понудите со потребните документи треба да се достават во рок од 10 (десет) дена од објавување на повикот во архивата на Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр.8, П. Фах 110, во Скопје (зграда на МРТВ – 2 кат).

Понудите треба да се во затворени коверти кои не се означени со ознака од која може да се идентификува испраќачот – понудувачот, со назнака „За јавен повик број 03-ДС/2014 за потреба од закуп (изнајмување) на деловен простор“.

Комисијата го задржува правото да изврши увид во понудениот деловен простор кој ги исполнува посебните услови од овој повик, со претходна најава.

По завршувањето на постапката за избор, со најповолниот понудувач ќе биде склучен Договор за закуп согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.

Комисијата за спроведување на
постапката за изнајмување на
деловен простор